МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# Музичко образование

# за II одделение

Скопје, 2021 година

## ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Музичко образование*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | II (второ) |
| **Наставни теми на наставната програма** | ***1. Слушаме музика***<br>***2. Пееме, свириме и играме*** |
| **Број на часови** | 1 час неделно/36 часа годишно |
| **Опрема и средства** | Специјализирана училница (кабинет) која освен стандардните средства и помагала е опремена и со:<br>• детски ритмички инструменти (тапани во различни големини, тропалки, ритмички стапчиња, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, триангл, маракас, дајре);<br>• разни извори за учење од природата и непосредната околина – листови хартија во боја, суви лисја од дрвјата, дрвени или метални прачки, стаклени, дрвени, метални предмети со разновидна звучност во училницата;<br>• печатени материјали (прирачници, магазини, весници);<br>• дводимензионални отпечатоци – непроектирани (слики, фотографии, постери, илустрации);<br>• уреди за репродукција на аудио- и видеозаписи (ЦД И ДВД-уред, хај-фај уред, ТВ-приемник, компјутер со пристап до интернет, квалитетни звучници, ЛЦД-проектор, паметна табла);<br>• клавир/пијанино/електрично пијано или некој друг музички инструмент;<br>• аудио- и видеозаписи: аудио и видео ЦД со соодветна содржина;<br>• интерактивна табла. |

| | |
|---|---|
| **Норматив на наставен кадар** | Воспитно-образовната работа во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:<br>• професор по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС;<br>• дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Уметничкото изразување и култура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VIII-А.1 | да манифестира познавање на различните форми на уметничко изразување од сите области на културата (литературата, музиката, визуелните уметности, изведбените уметности, декоративните уметности, архитектурата, дизајнот); |
| VIII-А.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-А.4 | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите кои се припадници на сопствената или на други култури; |
| VIII-А.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците, градбите и другите културни продукти; |
| VIII-А.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност. |
| | *Ученикот/ученичката прифаќа дека:* |
| VIII-Б.2 | критичкиот однос кон различните продукти на уметноста е битен за развивање на индивидуалните и општествените естетски вредности. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди:
***Дигитална писменост***, ***Личен и социјален развој*** и ***Општество и демократска култура.***

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |

| | |
|---|---|
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |
| V-А.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-А.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| VI-А.5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-А.6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, остварување на целите и надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***СЛУШАМЕ МУЗИКА***
Вкупно часови: **18**

**Резултати од учење:**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна:

1. визуелно и аудитивно да препознава и разликува музички инструменти (пијано, виолина) во инструментални изведби, како и гласови (машки, женски, детски) во вокални хорски изведби;
2. да разликува детска музика, класична музика, народна музика, музика од анимирани филмови и да препознава по неколку од секој вид;
3. да идентификува музички изразни средства со кои се постигнува различен карактер во слушаните композиции;
4. да препознава народни песни, игри и инструменти (тапан, шупелка, гајда) на етничките заедници кои живеат во РС Македонија.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Музички инструменти и гласови (музика за пеење; музика за свирење; музика за пеење и свирење; диригент; хор и солист; музички инструменти: пијано, виолина; народни инструменти: тапан, шупелка, гајда; гласови: детски, женски, машки) | • Препознава пијано и виолина, визуелно и звучно.<br>• Препознава народни инструменти: тапан, шупелка, гајда.<br>• Прави разлика меѓу музика за пеење (вокална), музика за свирење (инструментална), музика за пеење и свирење (вокално-инструментална).<br>• Прави разлика меѓу соло и хорска изведба со детски, женски и машки гласови. |
| • Видови музика[1]<br>(класична музика, музика за деца – детски песни, музика од анимиран филм, народна музика) | • Разликува кој вид е музиката која ја слуша врз основа на композициите кои претходно ги слушнал/-а.<br>• Наведува најмалку по една композиција од секој вид музика. |
| • Музички изразни средства (мелодија, ритам, метар, бавно – брзо – умерено, високи/ниски тонови, гласно – тивко) | • Идентификува мелодија и ритам во слушаните композиции.<br>• Разликува аудитивни контрасти (високо – ниско, кратко – долго, бавно – брзо – умерено, гласно – тивко). |

**Примери за активности**

- Наставникот презентира аудио- и видеозаписи од пијано и виолина (од препорачаните композиции) одделно и заедно од двата инструменти. Учениците ги идентификуваат инструментите по звук и изглед.
- Учениците наведуваат зборови со кои ја опишуваат бојата на тонот на инструментите пијано и виолина. Потоа составуваат куси изрази и реченици за тоа како ја доживуваат музиката отсвирена од овие инструменти.

[1] *Истите видови музика се повторуваат во сите одделенија, но во секое следно одделение се воведуваат нови посложени дела/композиции за слушање.*

- Наставникот демонстрира некои од посочените примери од народната музика, а учениците ги препознаваат звукот и бојата на тонот на народните инструменти тапан, шупелка и гајда.
- Наставникот презентира аудио- и видеозаписи од народни песни и ора од различните етнички заедници кои живееат во РСМ во кои заеднички елемент е употребата на тапан, шупелка и гајда. Учениците го идентификуваат присуството на трите инструменти во секоја од презентираните народни мелодии.
- Наставникот демонстрира музички примери од музика за пеење (вокална), музика за свирење (инструментална), музика за пеење и свирење (вокално-инструментална) со неколку повторувања, а учениците прават разлика меѓу соло и групни изведби во наведените видови музика и меѓу различните гласови (детски, женски и машки гласови).
- Наставникот демонстрира примери за слушање музика со различни хорски изведби, а учениците се обидуваат да ги препознаат изведувачите според видот на гласовите и застапеноста на солист.
- Учениците демонстрираат музички изразни средства презентирани од наставникот преку невербална гестикулација/ритмички движења и/или со цртање или пишување.
- Учениците, поделени во групи, учествуваат во квиз за погодување на видот на музиката, музичките инструменти и гласови врз основа на сегменти од мелодии/композиции кои им ги пушта наставникот.

**Препорачани композиции за реализација на темата:**
https://youtu.be/ntFC2KNJ3YA – Емил Жак Далкроз – детски гласови, детски песни во придружба на пијано и детски гласови.
https://www.youtube.com/watch?v=h461SPp-fyM – ***Tocatia*** – детски хор ***Лале*** од Тетово (музика за пеење, детски гласови).
https://www.youtube.com/watch?v=NtuFx-t8-jg – Коларовски: ***Растурена игра*** – детски хор ***Лал***е од Тетово (музика за пеење, детски гласови).
https://www.youtube.com/watch?v=t5FmrGVHNMw – ***Песна за мама*** – детски хор ***Гласови на децата од Скопје.***
***Оро без граници*** – Детски хор ***Гласови на децата од Скопје.***
https://www.youtube.com/watch?v=ga-UNRx_lbo – ***Дафино вино црвено***, обработка Драган Шуплевски.
https://www.youtube.com/watch?v=1miohLVZobE – Хајдн: ***Детска симфонија*** – музика за свирење, повторување на звуци од природата и околината, пример за нивно користење во музиката.
https://www.youtube.com/watch?v=rs7TivFVe9c – Жак Офенбах: ***Хофманови приказни***: ***Les oiseaux dans la charmille/Песна на птиците.***

https://www.youtube.com/watch?v=GRxofEmo3HA – Вивалди: ***Четири годишни времиња*** – музика за свирење.
https://www.youtube.com/watch?v=BH9tMLyCjXY – ***Чудна Случка***, во изведба на Симон Трпчевски – музика за пеење и свирење, детски гласови, детски песни.
https://www.youtube.com/watch?v=mMhcN9lNSzk – Новогодишната песничка на Биби: ***Трепкај, трепкај, елкичке*** – музика за пеење и свирење, детска песна.
https://www.youtube.com/watch?v=YaqTQXhBrWg – Брамс: ***Приспивна песна*** – музика за пеење и свирење.

https://www.youtube.com/watch?v=XxaR7Ybpmpg – ***Роденден е денот што го чекаме***, *Златно славејче* – музика за пеење и свирење.
https://www.youtube.com/watch?v=-oarzZxooOA – ***Нашата азбука.***

За босански наставен јазик

https://youtu.be/0zsbFghgGts – ***Stigleci – Prvi ples/Првиот танц*** – детска популарна песна.
https://youtu.be/PcqMfsUCVIs – ***Нек свуд љубав сја*** – музика за деца/машки глас и детски хор.

За српски наставен јазик

https://www.youtube.com/watch?v=JUMV1L9viZA – ***Седи Чира на врх сламе/Седи Кире на врвот на сламата*** – српска народна песна.
https://www.youtube.com/watch?v=OhyTWAUz_GM – ***Ivin voz***, Dragan Lakovic – djecje pesme/детски песни на српски јазик.
https://www.youtube.com/watch?v=DWmbc6-LslA – ***Разгранала грана јоргована/Разгранета гранка на јоргованот.***

За албански наставен јазик

https://www.youtube.com/watch?v=eAGov8JLNYs – ***Mesuesja ime/Мојот учител*** – Altuna Laci.
https://www.youtube.com/watch?v=cFWrufzsXv4 – ***Dordoleci/Снешко*** – Rejda Bejka.
https://www.youtube.com/watch?v=WOCHh0kRH2Y – ***PRANVERA/Пролет*** – Era Elshani.
https://www.youtube.com/watch?v=N4JZTQuPgG0 – ***Dy dhe Dy bëjnë Katër/Два и два се четири.***
https://www.youtube.com/watch?v=we0NeMKbniQ – ***Ne jemi gjelberimi/Ние сме зеленилото.***
https://www.youtube.com/watch?v=BH3RhrOiFgs – ***Vallja e Shotes/Оро на Шота.***

https://www.youtube.com/watch?v=-h0LgjBL_SA – Valle popullore me femije/Детска народна игра.

https://youtu.be/w1aCNrH1tq8 BEHAR NELI – Instrumentale me fyell & orkestër/Народен инструмент шупелка со оркестар.

https://www.youtube.com/watch?v=H52NRjD1XmY – ***Shkolla ime/Моето училиште.***
https://www.youtube.com/watch?v=wWslfkI4XQw – ***DITELINDJA/Роденден*** – OLSA & OLTA MIFTARI.

За турски наставен јазик

https://youtu.be/oiLwljZlq7U – ***Otobüsün Tekerleği/Тркалата на автобусот.***
https://youtu.be/wRWa5jvML14 – ***Önce Güzel Bir Duş Ardından Tatlı Bir Uyku/Прво убаво миење, а потоа во кревет***.
https://youtu.be/3LnZNr0478M – ***Balta/Секира*** – Onur Ero (народен инструмент тапан).

Диригент, хор и солист:

https://www.youtube.com/watch?v=vQ4gb6BMTfU – Диригент.
https://www.youtube.com/watch?v=KoawwDb9Lzc – Детски хор ***Лале*** од Тетово – ***Мачорот Станко***.
https://www.youtube.com/watch?v=mVUpKIFHqZk – Солист (Patricia JANEČKOVÁ: ***Les oiseaux dans la charmille***, Jacques Offenbach – Les contes d' Hoffmann).
https://www.youtube.com/watch?v=bJFDaLX992I – Моцарт: ***Проба за концерт***, градски хор ***Лале*** од Тетово, диригент, хор и солист, детски гласови.
https://www.youtube.com/watch?v=e9d1FuCPAwM – Моцарт: ***Прекрасен звук***, од операта ***Волшебната флејта*** – музика за пеење и свирење, детски хор, детски гласови, диригент.
https://www.youtube.com/watch?v=9FESAbgSk1A – (Може две строфи до 0:52) ***Пошла мома на вода*** (женски хор а капела) – женски гласови.
https://www.youtube.com/watch?v=GKaT-SGhTHA – ***Ој Јано, Јано*** – машка пејачка група на НУ ***Танец*** (машки гласови).

Инструменти:

https://www.youtube.com/watch?v=7plpGnwvgAc – Чајковски: ***Марш*** од ***Детски албум*** – инструмент пијано, умерено темпо.
https://www.youtube.com/watch?v=JuK1WITnBa4 – Копланд: ***Мачка и глушец*** – инструмент пијано.
https://www.youtube.com/watch?v=mvILZtXYMuA&list=PLudg2mgYY40ArIkpl2iCTrKUk0ZKIv1oO&index=2 – Благоја Ивановски: ***Игра***.
https://www.youtube.com/watch?v=lY8_G8cYi_Y – Сен-Санс: ***Народот со долги уши*** – инструмент виолина, повторување од прво одделение.
https://www.youtube.com/watch?v=Z3dRPYKXtWQ – Паганини: ***Варијации на каприс бр. 24*** – инструмент виолина (детски ансамбл, виолини).
https://www.youtube.com/watch?v=xV9e9rDsxOw – Григ: ***Танц на Анитра*** – класична музика, валцер, оркестар.

Народна музика:

https://www.youtube.com/watch?v=C4tBk_L16l4 – ***Сторил ниет зајко да се жени***, изведба на Народен оркестар и Сузана Спасовска.
https://www.youtube.com/watch?v=RnJHUHkrfQo – ***Го пратиле дедо в планина***, детски хор ***Македонски ѕвончиња.***
https://www.youtube.com/watch?v=G38zxaKhQKs – ***Баба ми појде рано на пазаро*** – Ј. Христовски, Трпе Черепоски.

Народни инструменти:

| |
|---|
| https://www.youtube.com/watch?v=QeNSODMXZhk – Шупелка.<br>https://www.youtube.com/watch?v=0xe-JMNpJ5w – Тапан 2 (сплет од македонски ора).<br>https://www.youtube.com/watch?v=VtkpykI6q_w – Гајда, Последниот гајдаџија од Охрид.<br>https://www.youtube.com/watch?v=BGR4Lj8cpYs – Ѕвонци (***Песна на ѕвонци).***<br>https://www.youtube.com/watch?v=mu1hYDrJNuM – Црквени ѕвона<br>https://www.youtube.com/watch?v=SfFRcNWANKk – Тапан, албанска музика.<br>https://www.youtube.com/watch?v=w1aCNrH1tq8 – Fyell, со оркестар, албанска музика.<br>https://www.youtube.com/watch?v=IXTbB4ALdAY – Fyell.<br>https://www.youtube.com/watch?v=SquIKsZ64h4 – Diple, босанска музика.<br>https://www.youtube.com/watch?v=KVwnkNIeqEA – Перкусии, турска музика.<br>https://www.youtube.com/watch?v=xvX2d1kg2h8 – Српске гајде (српски гајди) – ***Власинка.***<br>https://www.youtube.com/watch?v=HLCWvMJUdgA – Тапан, Србија, ***Јабука*** 7/8 такт.<br><br>Музика од детски цртани и детски филмови:<br><br>https://www.youtube.com/watch?v=Jp_x3VTqU2Q – ***Малиот домат*** (***Мали парадајз***, на српски јазик).<br>https://www.youtube.com/watch?v=lp6z3s1Gig0 – ***Пинк Пантер*** – музика.<br>https://www.youtube.com/watch?v=CuA5zPQChMw – ***Пинк Пантер*** – музика со сите инструменти.<br>https://www.youtube.com/watch?v=BZv5nHRo7X0 – ***ERDHI MAMI*** – цртан за волкот и јарињата.<br>https://www.youtube.com/watch?v=iqK9I0W5TSY – Анимација со музиката од Бетовен, симфонија, ***Пасторална бр.6*** – музика за свирење. |

| | |
|---|---|
| Тема: ***ПЕЕМЕ, СВИРИМЕ И ИГРАМЕ***<br>Вкупно часови: **18** | |
| **Резултати од учење**<br><br>Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br><br>1. пее песни, самостојно и во група, почитувајќи ги правилата и техниката на пеење;<br>2. свири на детски музички инструменти по слух, со правилна техника на свирење и со употреба на изучените музички елементи;<br>3. пее и свири едноставни мелодиски вежби по нотен запис, со употреба на изучените музички елементи.<br>Ученикот/ученичката ќе:<br>4. развива креативност преку учество во музички игри и танци, со примена на изучените музички елементи. | |
| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |

| | |
|---|---|
| • **Песни и броеници во опсег до1 – си бе-мол1** | • Демонстрира јасна дикција, точна артикулација и ритам при кажување броеници.<br>• Пее одреден број песни за деца и народни песни во опсег **до1 – си бе-мол*1***, со правилен пејачки став и правилно дишење.<br>• Пее во група со другите со усогласено темпо, динамика и ритам во опсег **до1 – си бе-мол1**. |
| • **Детски ритмички и мелодиски инструменти**<br><br>(ритмички стапчиња, барабан, тропалки, триангл, чинели, дајре, тапани во различни големини, кастањети, гонг, чинели, ксилофон, маракас; металофон, мелодика, блок флејта/шупелка) | • Ги препознава детските ритмички и мелодиски инструменти по бојата на звукот.<br>• Правилно применува музички изразни компоненти (брзина, јачина, траење) при свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти. |
| • **Вовед во пеење и свирење по нотен запис**<br><br>(петолиние, виолински клуч, местото на тоновите на петолинието, нота, сол1, ми1 – визуелно препознавање на петолиние) | • Идентификува петолиние, виолински клуч, положбата на тоновите сол1 и ми1 на петолинието.<br>• Чита парлато елементарни вежби со тоновите сол1 и ми1.<br>• Пее/свири елементарни вежби со тоновите сол1 и ми1 по нотен запис. |
| • **Музички игри**<br><br>(пеење, играње, танцување, оро, марш, валцер и други популарни танци во дво- и триделен такт, игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија) | • Учествува во музички игри со пеење и свирење на детски ритмички и мелодиски инструменти.<br>• Го следи видот/карактерот на музиката со своите движења (оро, марш, валцер и други популарни танци во дво- и триделен такт, движења од игри на етничките заедници кои живеат во РС Македонија).<br>• Пее и се движи во соодветен ритам во музичките игри. |
| • **Музичко изразување и творење**<br><br>(слободно музичко изразување, творење/создавање) | • Поврзува мелодија и ритам со движења.<br>• Креира кратки ритмички и мелодиски целини придружени со плескање, чекорење или разни видови детски ритмички и мелодиски инструменти.<br>• Создава едноставни кореографии со елементарни чекори и движења, соодветно на карактерот на музиката. |

**Примери за активности**

- Наставникот, заедно со учениците, обработува песна по слух: најпрво го обработува текстот, со ритмичко изговарање на зборовите заради постигнување јасна и чиста дикција и точно акцентирање на одредени слогови, а потоа се учи мелодијата заедно со текстот по

фрази и поголеми целини. На крај песната се пее целосно со интерпретациски елементи: динамика, темпо, карактер.

- Наставникот презентира музички примери со изразен ритам, а учениците го следат ритамот, произведувајќи звук со своерачно изработени тропалки, предмети и детски ритмички инструменти. Притоа, правилно применува музички изразни компоненти (брзина, јачина, траење).
- Учениците изработуваат „ритмички инструменти“ (тапан, дајре, прапорци, ѕвона и сл.) кои ќе ги употребуваат како ритмичка придружба при пеењето или при музичките игри. Се препорачува при изработката на инструментите да се користат предмети/материјали кои претходно биле користени за друга намена (картон, шишиња...).
- Наставникот демонстрира свирење на мелодиски инструменти (металофон, мелодика, блок флејта/шупелка) по слух преку покажување на позицијата на прстите и основната техника на свирење. Учениците свират на инструментите.
- Наставникот преку различни асоцијации ги објаснува елементите на нотното писмо (на пример: петолинието – „куќичка“; линиите – „катови“; виолинскиот клуч, односно сол-клучот – „клуч“ со кој се отвора „куќичката“; нотите ги заземаат своите места на „катовите“; положбата на нотите сол и ми на „катовите“). Учениците учествуваат во вежби во кои се користат асоцијациите.
- Наставникот црта две/повеќе линии на под/ѕид/табла, а учениците ја одредуваат положбата на нотите сол и ми преку поставување слики/симболи: птици, жапчиња, зајчиња, цреши, јаболка, емотикони и сл., како и со сопствените движења по линиите на подот, односно покажување на позициите на тоновите на табла/ѕид и др.
- Наставникот ги покажува тоновите/нотите сол и ми на петолинието во различни комбинации и ритмички соодноси и ги изговара со именување на тоновите (парлато) заедно со учениците. Истата вежба се изведува со пеење/свирење на детски мелодиски инструменти.
- Учениците пеат и ритмизираат различни мелодиско-ритмички модели со тоновите сол и ми, со плескање со раце, тропкање со нозе, движења во простор.
- Наставникот пее кратки модели со тоновите сол и ми на неутрален слог **на**, а учениците ги повторуваат со именување на тоновите (елементарен устен диктат).
- На музички примери со специфичен карактер кои наставникот ги селектира со игрив, бавен, маршов, валсов или пунктиран ритам, учениците се обидуваат да го изразуваат или следат ритамот со гестикулација или ритмичко чекорење низ обрачи поставени во два реда или кругови нацртани со креда, со шарени ленти, марами или само со движења на рацете (Далкроз 1 – https://www.youtube.com/watch?v=yMLp5bjl5aY).
- Наставникот презентира видеоснимки/аудиоснимки од народни ора и песни карактеристични за различните етнички заедници кои живееат во РСМ (по една за секоја), а учениците ги пеат и/или играат во соодветниот ритам и го следат ритамот со детски ритмички инструменти и тропалки.
- Наставникот, заедно со учениците, осмислува кореографии со сите вклучени музички изразни средства (темпо, динамика, траење, боја) на детски и народни песни со различен карактер.
- Наставникот, заедно со ученици, прави драматизации на приказни и други извори со бирање соодветна музика, движења,

кореографија, визуелно оформување итн.

**Препорачани композиции/мелодии за реализација на темата:**

https://www.youtube.com/watch?v=g362gsxVbcw – ***Светот на Биби е шарен цел.***
https://www.youtube.com/watch?v=24PvNCz_kS8 – ***Подајте си рака*** – Биби.
https://www.youtube.com/watch?v=5gnJ-oDz5pU – **(умерено)** ***Годишни времиња*** – детски македонски песни.
https://www.youtube.com/watch?v=1y0eoYD-AKY – **(бавно)** ***Нани ми нани*** – детска приспивна песничка.
https://www.youtube.com/watch?v=mmBIXksRM24 – ***Подај рака на тој што те сака*** **(инклузивност).**
https://www.youtube.com/watch?v=mpOQBEgyyjg – ***Нема ништо посилно од љубовта*** – Ристо Самарџиев и хорот *Златно славејче*.
https://www.youtube.com/watch?v=p3ne4EefHXE – ***Дувна ветре*** – *Златно славејче* (музичко-ритмички движења со потскокнување).
https://www.youtube.com/watch?v=D1o_Xnx6_e8 – ***Пинк Пантер*** (телото – музички инструмент).
https://www.youtube.com/watch?v=_K9RrxvdwzU – В.А. Моцарт: ***Игра*** (за музичка игра со движење).
https://www.youtube.com/watch?v=FLPXHfZY9Ws – ***Јовано, Јованке*** (музичка вежба за правото оро).
https://www.youtube.com/watch?v=mvILZtXYMuA&list=PLudg2mgYY40ArIkpl2iCTrKUk0ZKIv1oO&index=2 – Благоја Ивановски: ***Игра*** (за музичка игра со движење).
https://www.youtube.com/watch?v=eAGov8JLNYs – ***Mesuesja ime/Мојот учител*** – Altuna Laci.
https://www.youtube.com/watch?v=cFWrufzsXv4 – ***Dordoleci/Снешко*** – Rejda Bejka.
https://www.youtube.com/watch?v=WOCHh0kRH2Y – ***PRANVERA/Пролет*** – ERA ELSHANI.
https://www.youtube.com/watch?v=N4JZTQuPgG0 – ***Dy dhe Dy bëjnë Katër/Два и два се четири.***
https://www.youtube.com/watch?v=we0NeMKbniQ – ***Ne jemi gjelberimi/Ние сме зеленилото.***
https://www.youtube.com/watch?v=BH3RhrOiFgs – ***Vallja e Shotes/Оро на Шота.***

https://www.youtube.com/watch?v=-h0LgjBL_SA – Valle popullore me femije/Детска народна игра.

https://youtu.be/w1aCNrH1tq8 – BEHAR NELI – Instrumentale me fyell & orkestër/народен инструмент шупелка со оркестар.

https://youtu.be/0zsbFghgGts – ***Stigleci – Prvi ples/Првиот танц*** – детска популарна песна.
https://youtu.be/PcqMfsUCVls – ***Нек свуд љубав сја*** – музика за деца/машки глас и детски хор.
https://www.youtube.com/watch?v=JUMV1L9viZA – ***Седи Чира на врх сламе/Седи Кире на врвот на сламата.***
https://www.youtube.com/watch?v=OhyTWAUz_GM – ***Ivin voz***, Dragan Lakovic – djecje pesme/детски песни на српски јазик.
https://www.youtube.com/watch?v=DWmbc6-LsIA – ***Разгранала грана јоргована/Разгранета гранка на јоргованот.***
https://youtu.be/oiLwljZIq7U – ***Otobüsün Tekerleği/Тркалата на автобусот.***
https://youtu.be/wRWa5jvML14 – ***Önce Güzel Bir Duş Ardından Tatlı Bir Uyku/Прво убаво миење, а потоа во кревет.***
https://youtu.be/3LnZNr0478M – Onur Ero – ***Balta/Секира*** (народен инструмент тапан).

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди во наставата (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа се настојува да се обезбеди баланс во однос на полот. При избор на наставните материјали се користат примери кои промовираат интеркултурализам (на пример: песни и фолклор на јазиците на етничките заедници).

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на активностите/поимите од предметот Музичко образование со содржините/стандардите од другите предмети при планирањето и реализацијата на наставата. На тој начин овој наставен предмет ги мотивира учениците во учењето на другите предмети и помага во нивно полесно совладување.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот на секој ученик. За учеството во активностите учениците добиваат повратна информација во која се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). За таа цел наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашањата поставени од наставникот или од соучениците;
- индивидуалната практична изведба (пеење, свирење на детски музички инструменти и музички игри);
- практичната изведба во група.

По завршување на учењето на секоја тема учениците добиваат сумативна оценка во вид на опис на постигнатите стандарди за оценување. Сумативната оценка се изведува како комбинација од резултатот постигнат на тест на знаење во комбинација со оценката за напредувањето констатирана преку различните техники на формативно оценување.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2022/2023 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19 и 229/20) министерот за образование и наука ја донесе наставната програма по предметот *Музичко образование* за II одделение.** | бр. ____________<br>_________________ година<br>Министерка за образование и наука,<br>Мила Царовска<br>______________________________ |